РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр. 04-2213/1
20.12.2019

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија"бр.27/2014, 199/2014 и 48/2015, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), в.д. Директорот на Бирото за јавни набавки донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2019за пополнување на работно место со унапредување**

1.За извршители на работното место број 4, Советник за поддршка на информатичко-компјутерска техника,во Одделение за управување со ЕСЈН и грижа за корисници, во Сектор за следење на системот за јавните набавки и управување со ЕСЈН со звање советник и шифра на работно место УПР0101В01000, во Бирото за јавни набавки, се избира кандидатот:

**- Билјана Ристески**

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 12.12.2019 година е објавен Интерен оглас со број 01/2019 на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Бирото за јавни набавки за унапредување на административни службеници во Бирото за јавни набавки.

Со Решение број 04-2191/1 од 18.12.2019 година, е формирана комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-2191/2 од 18.12.2019 година, и Извештај од спроведено интервју на в.д. директорот со кандидат за унапредување по интерен оглас со број 04-2191/3 од 19.12.2019 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати број 04-2191/4 од 19.12.2019 година, на работното место, Советник за поддршка на информатичко-компјутерска техника,во Одделение за управување со ЕСЈН и грижа за корисници, во Сектор за следење на системот за јавните набавки и управување со ЕСЈН, в.д. дирекотрот донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

в.д. ДИРЕКТОР
**Armir Sadiki**

**Доставено до:**
- Именуваните
- Агенција за администрација
- Одделение за човечки ресурси и
- Архива.